# З А К О Н
# ЗА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА*

(редакциски пречистен текст)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

**Јавни претпријатија можат да се основаат заради вршење на дејности од јавен интерес.**

**Република Македонија, општините и градот Скопје можат да основаат јавни претпријатија во согласност со овој закон, со цел за вршење на дејности од јавен интерес на територијата на Република Македонија.**

**Јавни претпријатија во име на Република Македонија основа Владата на Република Македонија, во име на општината советот на општината и во име на градот Скопје Советот на градот Скопје.**

Член 2

**Дејности од јавен интерес се дејностите или одделни работи од дејностите со кои се остварува јавен интерес.**

**Дејностите од јавен интерес ги вршат јавните претпријатија или друштва на коишто им е доверено вршењето на дејностите од јавен интерес.**

Условите и начинот за вршење на дејностите и начинот на остварување на јавниот интерес од став 1 на овој член се уредуваат со закон.

**Во извршувањето на дејностите од јавен интерес, треба да се почитуваат следниве принципи: сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугата, транспарентност, достапност и универзална услуга, заштита на корисниците и потрошувачите.**

---

* „Службен весник на РМ“, бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06

**Член 2-а**

**Јавните претпријатија и друштвата кои вршат дејност од јавен интерес подлежат на правилата на конкуренција, освен во случаите кога примената на тие правила би го спречило вршењето на услугите од јавен интерес.**

**Јавните претпријатија и друштвата кои вршат дејност од јавен интерес имаат еднаков третман во вршењето на услугите од јавен интерес, освен ако поради посебен интерес не им се доделат ексклузивни или посебни права.**

**Член 3**

**По исклучок од членот 1 став 3 на овој закон, јавни претпријатија од областа на радиодифузијата се основаат под услови и начин утврдени со закон.**

**Правни и физички лица можат да вршат дејност од јавен интерес на начин и услови утврдени со овој закон.**

**Член 4**

**Основачот на јавното претпријатие со одлука може јавното претпријатие да го преобрази во друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво.**

**Ако во јавно претпријатие се вложат средства на правни или физички лица, основачот донесува одлука јавното претпријатие да се организира како друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво.**

**Член 4-а**

**Основачот може да донесе одлука за издвојување на подружница или дел од јавното претпријатие, под услов подружницата, односно делот што се издвојува од јавното претпријатие да може непречено да продолжи со работа и да функционира посебно. Издвоената подружница, односно дел од јавното претпријатие се организира во друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво во државна**

**сопственост, односно сопственост на општината или градот Скопје или заедно со друг вложувач во друштво со учество на државата, односно општината или градот Скопје, а дејноста ќе ја вршат под услови и начин утврдени со овој и друг закон.**

**Основачот *носи* одлука за издвојување на дел од јавното претпријатие во случаите кога во делот што се издвојува не се врши основната дејност на јавното претпријатие, односно не се вршат стопански дејности кои со закон се утврдени како дејности од јавен интерес. Издвоениот дел се организира како друштво со ограничена одговорност, односно акционерско друштво и ќе се приватизира со соодветна примена на одредбите од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.**

**Член 4-б**

**За уписот во надлежниот регистар, организацијата и работењето на друштвата во државна сопственост, во сопственост на општината, односно градот Скопје, се применуваат одредбите од оваа глава и Законот за трговските друштва.**

**Во друштвата со ограничена одговорност и во акционерските друштва од ставот 1 на овој член, работите од надлежност на собирот на содружниците, односно правата на собранието на акционери ги врши Владата на Република Македонија во име на Република Македонија, односно Советот на општината, градот Скопје во име на општината, градот Скопје.**

# II. ВРШЕЊЕ НА СТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ПРЕКУ ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

## 1. Белези на јавното претпријатие

Член 5

Средствата за работењето и развојот на јавното претпријатие се обезбедуваат од приходите кои тоа ги остварува со сопственото работење, од кредитните средства и од други извори во согласност со закон.

Средствата од Буџетот на Република Македонија и средствата од буџетот на општината, односно градот Скопје на јавното претпријатие се обезбедуваат во согласност со законот со кој се уредуваат условите и начинот за вршење на одделни стопански дејности од јавен интерес.

**Јавното претпријатие има обврска да доставува тримесечни извештаи до основачот кои ќе содржат показатели за финансиското работење.**

Член 6

Јавното претпријатие има својство на правно лице.

Јавното претпријатие како правно лице може да стекнува право на подвижни и неподвижни предмети, да стекнува права и да презема обврски.

Јавното претпријатие одговара за преземените обврски со сиот свој имот.

Јавното претпријатие стекнува својство на правно лице од денот на уписот во трговскиот регистар.

## *Глава II*
## *ПРИНЦИПИ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ФИНАНСИСКИТЕ ОДНОСИ*

**Член 7**

**Јавно претпријатие и друштво кое врши дејност од јавен интерес го води своето материјално-финансиско работење според меѓународните финансиски стандарди за јавниот сектор.**

**Член 8**

**Јавно претпријатие и друштво кое врши дејност од јавен интерес, дејноста ја врши трајно и без прекин и неговата работа е јавна и транспарентна.**

**Член 8-а**

**Во поглед на условите и обврската за транспарентност на финансиските односи, како што се дефинирани во овој закон под јавно претпријатие се подразбира секое јавно претпријатие и друштво врз кое државата или органите на општината или градот Скопје, имаат директно или индиректно влијание преку сопственоста над нив, односно ако поседуваат поголем дел од капиталот на друштвото, имаат мнозинство гласови на акционерите и именуваат повеќе од половина од членовите на управниот или надзорниот одбор на претпријатието и друштвото.**

**Обврските и условите за финансиска транспарентност од овој закон се однесуваат и на друштвата кои-што вршат дејност од јавен интерес.**

**За доминантно влијание на органите од ставот 1 на овој член се смета кога овие органи, директно или индиректно во однос со едно друштво:**

**1) го поседува мнозинството од запишаната основна главина на друштвото или**

**2) го контролира мнозинството од гласови или**

**3) именуваат, односно избираат повеќе од половина од членовите на управното, раководното или надзорното тело на претпријатието.**

**Член 8-б**

**Финансиските односи меѓу државата, органите на општините и органите на градот Скопје и јавните претпријатија и друштвата кои вршат дејност од јавен интерес, треба да бидат транспарентни така што јасно треба да се прикажат:**

**а) средствата коишто се директно достапни на органите наведени во воведната реченица на овој став за одредени јавни претпријатија или друштва коишто вршат дејности од јавен интерес;**

**б) средствата коишто се индиректно достапни од органите наведени во воведната реченица на овој став на јавните претпријатија, фондови или финансиските институции и**

**в) начинот и намената за кои средствата од точките а) и б) на овој став се ставаат на користење.**

**Транспарентност во финансиските односи од ставот 1 на овој член ќе се применува, особено во следниве случаи:**

**а) порамнување на загубите од работењето;**

**б) обезбедувањето на капиталот;**

**в) неповратна помош или заеми под поповолни услови;**

**г) давање на финансиски поволности преку откажување од профит или поврат на пристигнатите суми;**

**д) откажување од нормален поврат на искористените средства и**

**ѓ) компензирање на финансиското оптоварување воведено од страна на државните органи.**

**Обврската за транспарентност на финансиските односи ќе се однесува на јавните претпријатија и друштвата коишто вршат дејности од јавен интерес.**

**Обврската за транспарентност нема да се однесува на јавните претпријатија и друштва што вршат дејности од јавен интерес кои во секоја од последните две пресметковни години оствариле годишен бруто приход кој не надминува 2 милиона евра во денарска противвредност .**

**Субјектите од ставот 3 на овој член се должни да водат посебни сметки, согласно со членот 8-в од овој закон.**

**Член 8-в**

**Јавните претпријатија и друштвата коишто, меѓу другото, вршат и дејности од јавен интерес се должни да водат посебни сметки во следниве случаи:**

**1) ако покрај дејностите од јавен интерес вршат и други дејности;**

**2) ако имаат ексклузивни права во вршењето на дејноста од јавен интерес и**

**3) добиваат државна помош во која било форма вклучувајќи помош, поддршка или компензација, во врска со вршењето на дејностите од јавен интерес.**

**Преку посебните сметки од ставот 1 на овој член треба јасно да се прикажат:**

**а) приходите и расходите коишто настанале од различните дејности и**

**б) целосни податоци за методот со кој приходите и расходите се назначени или алоцирани на различните дејности.**

**За да се обезбедат целите од ставот 2 на овој член, потребно е:**

**а) внатрешното сметководство кое се однесува на различните дејности да е одвоено;**

**б) сите приходи и расходи се коректно означени или алоцирани врз основа на конзистентно, објективно и праведно применување на сметководствените начела и**

**в) сметководствените начела според кои се одржуваат одвоените сметки се јасно засновани на меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор.**

**Транспарентност на финансиските односи за јавните претпријатија и друштвата кои вршат дејности од јавен интерес, прецизирањето на начинот на водење на сметководството, чувањето на финансиските информации, казнените одредби во случај на непочитување на правилата за транспарентност, како и специфичните правила за јавните претпријатија и друштвата кои вршат дејност од јавен интерес во производниот сектор, ќе се регулираат со посебен закон.**

## 2. Основање на јавното претпријатие

### Член 9

**Владата на Република Македонија, советот на општините и Советот на градот Скопје за основање на јавно претпријатие донесуваат акт за основање на јавното претпријатие.**

### Член 10

Со актот за основање на јавното претпријатие се утврдува:

1. Дејноста;
2. Фирмата и седиштето;
3. Износот на средствата за основање и начинот на нивното обезбедување;
4. Организацијата на јавното претпријатие;
5. Начинот на спроведување на одлуките на органите на јавното претпријатие;
6. Одговорност на јавното претпријатие за обврските во правниот промет со трети лица и

7. рокот за донесување на статутот и именувањето на органите на јавното претпријатие, како и именувањето на лице кое ќе ги води работите на претпријатието до неговото конституирање.

Член 11

Основачот на јавното претпријатие дава согласност на:

1. Статутот на јавното претпријатие;

2. Статусните промени;

3. Актот за употреба на средствата остварени со работењето на јавното претпријатие и покривањето на загубите;

4. Актот за задолжување на јавното претпријатие;

5. Актот со кој се утврдуваат цените на производите и услугите што јавното претпријатие ги продава и врши за корисниците **доколку таквите цени не се предмет на регулирање од страна на независно регулаторно тело;**

6. Годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие и

7. Годишната инвестициона програма усогласена со вкупниот стопански развој.

Член 12

Јавното претпријатие се запишува во трговскиот регистар врз основа на пријава, потпишана од страна на лицето кое ќе ги води работите на претпријатието до неговото конституирање.

Кон пријавата за упис на основањето на јавното претпријатие се приложува актот за основање на јавното претпријатие од основачот.

Јавното претпријатие е должно на регистарскиот суд да му го достави статутот, актот за именување на членови на управниот и одборот за контрола на материјално-финансиското работење, како и доказ за именување на директор на јавното претпријатие, во рок од 30 дена од истекот на рокот предвиден со актот за основање, за донесување на статутот и именување на органите на јавното претпријатие, со пријава за

упис на новите факти и промена на лицето за застапување на јавното претпријатие.

Уписот во трговскиот регистар се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

## 3. Организација на јавното претпријатие

Член 13

Јавното претпријатие се организира така што дејноста, заради која е основано, да ја врши на начин со кој се обезбедува:

1. Техничко-технолошко и економско единство на системот;

2. Ефикасност **и транспарентност** во работењето;

3. Развој и усогласеност на сопствениот развој со вкупниот стопански развој;

4. Заштита и унапредување на добрата од општ интерес;

5. Трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на производи и услуги и

6. Самостојност **и еднаквост** во рамките на системот и функционална поврзаност со другите системи во земјата и светот.

Член 14

Јавното претпријатие може да основа подружници.

Подружниците на јавното претпријатие немаат својство на правно лице, но можат да настапуваат во правниот промет во име и за сметка на јавното претпријатие.

Со подружницата раководи раководител што го именува директорот на јавното претпријатие.

Основањето на подружница се пријавува кај регистарскиот суд според седиштето на јавното претпријатие што ја основало. Регистарскиот суд го запишува основањето на подружницата во својот регистар и на судот на уписот на чие подрачје е седиштето на подружницата му ја испраќа пријавата со прилозите и потписите со службено заверен извод од својот ре-

гистар. Судот на уписот ќе изврши упис на подружницата ако според состојбата на неговиот регистар нема пречки, а изводот од регистарот на судот кај којшто е запишано јавното претпријатие кое ја основало подружницата, го запишува во својот регистар без измени. Ако има пречки, го известува судот на чие подрачје е седиштето на субјектот на уписот што ја основал подружницата.

## 4. Органи на јавното претпријатие

Член 16

Органи на јавното претпријатие се: управниот одбор, **надзорниот одбор** за контрола на материјално-финансиското работење и директорот.

Член 17

Управниот одбор на јавното претпријатие се состои од најмалку пет, а најмногу 15 членови.

Во управниот одбор основачот именува, односно разрешува претставници од редот на афирмирани и познати стручњаци во областа на предметот на работењето на јавното претпријатие **имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници.**

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор не може да биде подолг од четири години.

Член 18

Член на управниот одбор на јавното претпријатие не може да има лично, преку трето лице или по било која основа, интереси во претпријатие или трговско друштво кое е во деловни односи со јавното претпријатие, кои можат да имаат било какво влијание на неговата независност и непристрасност во одлучувањето во јавното претпријатие. Секој член на управниот одбор, односно директорот на јавното претпријатие, се должни да го предупредат основачот на постоењето на ваков интерес кај еден или повеќе членови на Управниот одбор.

Неспојливи се функцијата претседател и член на управниот одбор на јавното претпријатие со функциите претседател и членови на Владата на Република Македонија, како и градоначалникот на општината и градот Скопје, за јавните претпријатија основани од општината, односно градот Скопје.

Член 19

Управниот одбор на јавното претпријатие ги има сите овластувања да презема мерки кои се потребни и корисни заради постигнување на целите на јавното претпријатие во согласност со законот.

Управниот одбор на јавното претпријатие:

1. Го донесува статутот на јавното претпријатие;

2. Ги усвојува програмата за работа и развој на јавното претпријатие;

3. Ја утврдува деловната политика;

4. Ја усвојува годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие;

5. Одлучува за употребата на средства остварени со работењето на јавното претпријатие и покривањето на загубите;

6. Ги донесува одлуките за инвестиции;

7. Ги утврдува цените на производите и услугите;

8. Одлучува за внатрешната организација на јавното претпријатие и

9. Врши други работи утврдени со актот за основање и статутот на јавното претпријатие;

**10. Го избира и разрешува директорот на јавното претпријатие, основано од Владата на Република Македонија врз основа на јавен конкурс.**

Член 20

Управниот одбор може полноправно да работи и одлучува доколку се присутни повеќе од половината членови на Управниот одбор.

Одлуките на управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од сите членови на управниот одбор.

**Член 21**

**Јавно претпријатие не може на претседателот или на член на управниот одбор, на претседателот или на член на надзорниот одбор или на директорот на јавното претпријатие да им дава заеми или гаранции на заеми кои тие ги склучиле со трети лица.**

Преземената обврска спротивно на став 1 од овој член е ништовна и без правно дејство.

**Член 22**

**Владата на Република Македонија, односно општината или градот Скопје по предлог на министерот надлежен за работите од соодветната дејност може да му даде на управниот одбор на јавното претпријатие насоки од општ карактер во поглед на вршењето на одделни работи од делокругот на управниот одбор утврдени во членот 19 од овој закон, а кои Владата, односно општината или градот Скопје смета дека се од интерес за Република Македонија, односно за општината или за градот Скопје.**

**Насоките од општ карактер од ставот 1 на овој член не можат да се однесуваат на секојдневното управување со јавното претпријатие.**

Член 23

Со работата на јавното претпријатие раководи директор, што го **избира** односно разрешува **Управниот одбор**. Директорот на јавното претпријатие **може да определи вработен кој во негово отсуство го заменува и го води тековното работење на јавното претпријатие.**

Директорот се **избира** со мандат од четири години.

**Со работата на јавното претпријатие, основано од страна на општината, односно градот Скопје, раководи директор што го избира, односно разрешува градоначалникот на општината, односно градот Скопје. Изборот се врши врз основа на јавен конкурс.**

Директорот на јавното претпријатие го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на управниот одбор, учествува во спроведувањето на основите на програмата за работа и развој, учествуваат во утврдувањето на критериуми за користење и располагање со средствата и употребата на средства остварени со работењето на јавното претпријатие, врши усогласување на деловната активност на јавното претпријатие и врши други извршни работи во врска со работата и работењето на јавното претпријатие утврдени со статутот. Функцијата директор и **член на надзорниот одбор** за контрола на јавното претпријатие е неспојлива со функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија и функциите претседател и членови на Владата на Република Македонија, како и член на Советот и градоначалник на општината и Градот Скопје за јавните претпријатија, основани од општината, односно градот Скопје.

## Член 24

**Директорот на јавното претпријатие, основано од Владата на Република Македонија, за својата работа одговара пред управниот одбор на јавното претпријатие. Директорот склучува договор со управниот одбор за уредување на односите со јавното претпријатие, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно со закон.**

**Директорот на јавното претпријатие, основано од општината, односно градот Скопје, за својата работа одговара пред градоначалникот на општината, односно градот Скопје. Директорот склучува договор со градоначалникот на општината, односно градот Скопје за уредување на односите со јавното**

**претпријатие, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно со закон.**

**Директорот, членовите на управниот одбор и членовите на надзорниот одбор, ако извршат, односно донесат одлука за која знаеле или за која со оглед на околностите, морале да знаат дека ги повредуваат интересите на јавното претпријатие, одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со таквата одлука. Одговорноста се утврдува согласно со одредбите од Законот за трговските друштва кои се однесуваат на органите на управување.**

**Член 26**

**За вршење контрола на материјално-финансиското работење на јавното претпријатие се формира надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење (во натамошниот текст: надзорен одбор) од пет члена. Времетраењето на мандатот на членовите на надзорниот одбор не може да биде подолг од четири години.**

**Членовите на надзорниот одбор од ставот 1 на овој член ги именува, односно разрешува основачот.**

**За членови на надзорниот одбор можат да се именуваат лица со високо образование, кои поседуваат знаења и искуство особено од дејноста на финансиското и сметководственото работење.**

Член 27

Заради вршење на работите на контрола **надзорниот одбор за контрола** може да врши испитување на лице место на сите документи и списи на јавното претпријатие. **Надзорниот одбор за контрола** може заради испитување на документите и списите на јавното претпријатие да повика стручни лица кои ќе му помагаат во решавањето на надзорот.

Членовите на **надзорниот одбор за контрола** можат да присуствуваат на седницата на управниот одбор и им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат на членовите на управниот одбор.

**Надзорниот одбор за контрола** задолжително ги прегледува годишните сметки и извештајот за работа на јавното претпријатие и по прегледувањето му дава мислење на управниот одбор. Управниот одбор не може да ги усвои годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие, ако претходно не добие позитивно мислење од **надзорниот одбор за контрола.**

Извештајот за прегледот на годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие со свое мислење, **надзорниот одбор за контрола** му го доставува на министерот за финансии. Во извештајот до министерот за финансии, **надзорниот одбор за контрола** го известува за состојбата на јавното претпријатие врз чие работење врши контрола. **Надзорниот одбор за контрола** копие од извештајот му доставува и на министерот надлежен за работите на соодветната дејност.

**Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно**.

**Член 28**

**Одредбите од членот 18 ставови 1 и 2 на овој закон се применуваат и на директорот и на членовите на надзорниот одбор на јавното претпријатие.**

## 5. Статут на јавното претпријатие

Член 29

Со статутот на јавното претпријатие поблиску се уредува организацијата, управувањето и раководењето со јавното претпријатие, општите акти и постапката за нивното донесување, како и други прашања од значење за јавното претпријатие.

## 6. Распоредување на вишокот на средства од работењето на јавното претпријатие и покривање на загубите на јавното претпријатие

Член 30

**Основачот, вишокот на средствата остварени од работењето на јавното претпријатие го вложува во јавното претпријатие врз основа на детални финансиски планови.**

**Јавните претпријатија се должни годишно да изработуваат детални финансиски планови кои ќе ги содржат сите приходи и расходи на јавното претпријатие, инвестициите со динамиката на нивно реализирање.**

## 7. Штрајк во јавно претпријатие

Член 32

Ако синдикатот, односно работниците во јавното претпријатие одлучат да го користат правото на штрајк, најдоцна 7 дена пред денот кога имаат намера да најават штрајк, треба на директорот на јавното претпријатие да му достават писмено предупредување во кое синдикатот, односно штрајкувачкиот одбор ќе ги изнесе причините за намерата да се организира штрајк.

Штрајкувачкиот одбор, претставниците на управниот одбор и директорот се должни по предупредувањето од став 1 на овој член да понудат предлог за решавање на спорот и со тој предлог да ги запознаат работниците и јавноста.

Ако не се постигне согласност во рок од 15 дена од денот на предупредувањето од ставовите 1 и 2 на овој член, синдикатот, односно штрајкувачкиот одбор ако донесат одлука да стапат во штрајк, должен е да ја достави одлуката за стапување во штрајк до директорот на јавното претпријатие најмалку 7 дена пред отпочнувањето на штрајкот. Во одлуката се наведува местото, датата, часот и траењето на штрајкот.

Кон одлуката задолжително се приложува и изјава за начинот на обезбедувањето на условите од член 33 на овој закон.

Доставувањето на одлуката за стапување во штрајк не ги запира преговорите за решавање на спорот.

Член 33

Штрајкувачкиот одбор и работниците кои учествуваат во штрајкот во јавното претпријатие, се должни штрајкот да го организираат и да го водат на начин и да преземат мерки со кои ќе обезбедат физичка сигурност на вработените и заштита на опремата на инсталациите, како и извршување на обврските спрема граѓаните, правните лица и државните органи и само под услов да се обезбеди:

- неопходното ниво на процесот на работата со кое нема да се загрози животот, здравјето и економската и социјална сигурност на граѓаните и неопходното одвивање на стопанските и други дејности во земјата, во обем и на начинот утврдени со законот од соодветната дејност од јавен интерес и
- извршување на меѓународни договори.

Штрајкувачкиот одбор е должен за време на штрајкот да соработува со директорот на јавното претпријатие заради обезбедување на условите од став 1 на овој член и од ставовите 1 и 2 од членот 35 од овој закон.

Член 34

Во случај на штрајк во јавното претпријатие, времето на започнување и запирање на работењето не може да биде различно за одделни категории на вработени, ниту за одделни лица меѓу вработените.

Забрането е сукцесивно распоредување на запирањето или сменувањето на различни групи на вработени или делови од претпријатието.

Штрајкувачкиот одбор и работниците кои учествуваат во штрајкот во јавното претпријатие, не можат да ги спречуваат работниците што согласно со овој и со друг закон не можат

да учествуваат, односно работниците кои не сакаат да учествуваат во штрајкот, да работат.

Непочитувањето на одредбите од ставовите 1, 2 и 3 на овој член се смета за повреда на работната дисциплина.

Член 35

Основачот утврдува кои лица носители на раководни функции, односно лица од кои зависи техничко-технолошкиот процес и се од незаменливо значење за одвивање на дејноста на претпријатието, со оглед на местото во водењето на работите на јавното претпријатие, не можат да учествуваат во штрајк и пропишува кои се нивните обврски, односно како тие мора да постапуваат во случај на штрајк во јавното претпријатие.

Во прописот од став 1 на овој член може да се утврдат работните места и начинот на извршувањето на работите и задачите на работните места од кои зависи вршењето на дејноста од јавен интерес и од кои може да се загрози сигурноста на луѓето, инсталациите и опремата и кога вработените не можат да ја запрат работата без предупредувањето дадено во рокот утврден со овој закон.

Основачот може заради спречување на запирањето на работата во јавното претпријатие што може да предизвика големи материјални штети и да го загрози здравјето и сигурноста на луѓето, инсталациите и опремата, да преземе мерки на индивидуална или групна мобилизација на вработените.

Работникот кој нема да постапи во согласност со наредбата за мобилизација се смета дека сторил повреда на работната дисциплина.

Член 36

Објектите и административните простории на јавното претпријатие треба да им бидат достапни за непречено располагање на лицата кои го обезбедуваат работењето на јавното претпријатие.

Ако вработените спротивно на овој закон ги запоседнале и се задржуваат во објектите и административните простории на јавното претпријатие, директорот на јавното претпријатие е должен да преземе мерки заради нивно отстранување.

## 8. Положба на вработените во јавното претпријатие

Член 37

Вработените во јавните претпријатија имаат положба, права и обврски од работниот однос, како и вработените во друштвата, **согласно со Законот за работните односи и колективен договор.**

**Член 37-а**

**При вработувањето во јавните претпријатија ќе се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници без да се нарушат критериумите на стручност и компетентност.**

## 9. Остварување и заштита на јавниот интерес во јавните претпријатија

Член 38

Во случај на нарушување на работењето, односно вршењето на дејноста на јавното претпријатие или ако јавното претпријатие не ги извршува со закон утврдените обврски, а што не е последица на неизвршувањето на обврските од страна на основачот утврдени со актот за основање, основачот може да презема мерки со кои се обезбедуваат услови за непречено работење на јавното претпријатие.

Член 39

Нарушување на работењето на јавното претпријатие во смисла на овој закон се смета дека настапило:

1. Ако со начинот на работење на јавното претпријатие не се обезбедува трајно и непречено вршење на производството и прометот на определени производи и пружање на услуги, или остварувањето на планот за развој, на начин утврден со законот, со што се нанесува штета или може да се нанесе штета на корисниците;

2. Ако со располагање на средствата се менува основната намена на средствата, се менуваат и основните услови за работење на јавното претпријатие утврдени во согласност со законот, заради остварување на јавниот интерес во јавното претпријатие, со што суштествено се отежнува вршењето на неговата дејност утврдена со актот за основање и

3. Во други случаи утврдени со законот.

Член 40

Во случаите од член 39 од овој закон, спрема јавното претпријатие, основачот може да ги преземе следниве мерки:

1. Да го **разреши** управниот одбор;

2. Да го **разреши** одборот за контрола;

3. Да ја промени организацијата на јавното претпријатие;

4. Да го запре од извршување актот на јавното претпријатие кој е спротивен на законот;

5. Да го запре од извршување актот на јавното претпријатие ако го доведува во прашање остварувањето на основните функции на јавното претпријатие и

6. Други мерки утврдени со посебниот закон со кој се уредуваат условите и начинот на вршење на одделна дејност од јавен интерес.

Член 41

Ако биде преземена мерката од точката 2 од членот 40 од овој закон, основачот **ги пренесува** овластувањата на управниот одбор на еден или повеќе претставници кои се именуваат со мандат од најмногу шест месеци.

## 10. Контрола над јавните претпријатија

Член 42

Јавните претпријатија подлежат на економско-финансиска контрола уредена со посебен закон.

## III. ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ВРЗ ОСНОВА НА ДОЗВОЛА

Член 43

Дејност од јавен интерес за Република Македонија, можат да вршат физички и правни лица врз основа на дозвола.

Дозвола за вршење на одделни стопански дејности од јавен интерес од страна на физички или правни лица, може да се даде за сите дејности од јавен интерес освен за дејностите утврдени со закон.

Дозволата ја дава Владата на Република Македонија, односно општината, односно градот Скопје (во натамошниот текст: давател на дозволата).

Член 44

Давателот на дозвола и физичкото, односно правното лице склучуваат договор **во писмена форма** во кој поблиску се утврдуваат постапката и начинот за вршење на дејност од јавен интерес и меѓусебните права и обврски на давателот на дозволата и непосредниот вршител на дејност од јавен интерес.

Договорот од став 1 на овој член кој не е склучен во писмена форма нема правно дејство.

**Договорот од ставот 1 на овој член, особено содржи:**

**- предметот, начинот и рокот за вршење на дејноста од јавен интерес;**

**- условите за вршење на дејноста од јавен интерес;**

**- критериумите, индексите и параметрите со кои ќе се дефинира соодветното вршење на дејноста од јавен**

**интерес, односно содржи обврска за соодветно и квалитетно давање на услугата за задоволување на барањата на корисниците;**

**- клаузула за ограничување на надоместокот на непосредниот вршител на дејноста од јавен интерес. Надоместокот не смее да го надмине износот потребен за покривање на трошоците настанати при вршењето на дејноста плус разумна добивка и**

**- причини за раскинување.**

Член 45

Договорот од член 44 на овој закон престанува да важи со:

1. Истекот на рокот на кој бил склучен;

2. **Со еднострано раскинување од страна на давателот на дозволата**;

3. Со одземање на дозволата;

4. Виша сила и

5. Со раскинување.

**Причини за еднострано раскинување на договорот, особено се:**

**- вршењето на дејноста од јавен интерес се врши на несоодветен или неквалитетен начин, имајќи ги предвид правилата, параметрите и другите услови со кои е утврдено соодветното вршење на дејноста и**

**- вршителот на дејноста на друг начин да изврши битна повреда на одредбите од договорот или на законите кои се применуваат за вршењето на таа дејност.**

Член 46

Дозволата за непосредно вршење на дејност од јавен интерес од страна на физичко или правно лице може да се одземе ако:

1. Физичкото, односно правното лице не започне со непосредно вршење на дејност од јавен интерес, во рокот утврден во договорот за вршење на  дејност од јавен интерес.

2. Престанала потребата од вршењето на дејност од јавен интерес која ја врши физичкото или правното лице и

3. Физичкото, односно правното лице престанало да ги исполнува условите за вршење на дејноста;

**4. Договорот од членот 44 на овој закон престанал да важи.**

Член 47

Лицето кое непосредно врши дејност од јавен интерес врз основа на дозвола, должно е дејност да ја врши и во случај на настанување на непредвидливи околности со виша сила.

Ако лицето од став 1 од овој член не ја врши дејноста согласно со став 1 од овој член ќе му престане договорниот однос.

Член 48

Физичкото и правно лице кое врши дејност врз основа на дозвола од страна на Република Македонија или општина, односно градот Скопје, одговара за штетата, што во вршењето на дејност од јавен интерес, ќе ја причинат вработените на корисниците на услугите, односно на другите физички и правни лица.

Физичкото и правно лице кое врши дејност врз основа на дозвола одговара и за штетата што ќе настане во вршењето на дејност од јавен интерес на корисниците на услугите и другите физички и правни лица, заради штрајк на лицата кои кај него се вработени. Во случај на штрајк, за време траењето на штрајкот давателот на дозволата за вршење на дејност од јавен интерес може на сметка на физичкото или правно лице што ја врши дејност од јавен интерес врз основа на дозвола да обезбеди извршување на дејноста на начинот што го смета за најсоодветен.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 49

Постојните јавни претпријатија се должни организацијата и работењето да го усогласат со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Претпријатијата кои вршат дејност од јавен интерес должни се да ја усогласат организацијата и работењето со овој закон и законот со кој се уредуваат начинот и условите за вршењето на дејност од јавен интерес во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 50

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат членовите 24-а, 24-б, 24-в, 196-б и член 196-з, од Законот за претпријатијата ("Службен лист на СФРЈ", број 77/88, 40/89, 46/90 и 61/90 и "Службен весник на Република Македонија" број 15/93), и членовите 7, 8, 9, 10, 15 од Законот за штрајкот ("Службен лист на СФРЈ" број 23/91), кои се однесуваат на правото на штрајк на работниците во јавните претпријатија.

Член 51

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

# ЗАКОН ЗА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

**Стр.**


I. ОПШТИ ОДРЕДБИ **3**
II. ВРШЕЊЕ НА СТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ПРЕКУ ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА **6**
1. Белези на јавното претпријатие **6**
Глава II ПРИНЦИПИ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ФИНАНСИСКИТЕ ОДНОСИ **7**
2. Основање на јавното претпријатие **10**
3. Организација на јавното претпријатие **12**
4. Органи на јавното претпријатие **13**
5. Статут на јавното претпријатие **18**
6. Распоредување на вишокот на средства од работењето на јавното претпријатие и покривање на загубите на јавното претпријатие **19**
7. Штрајк во јавно претпријатие **19**
8. Положба на вработените во јавното претпријатие **22**
9. Остварување и заштита на јавниот интерес во јавните претпријатија **22**
10. Контрола над јавните претпријатија **24**
III. ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ВРЗ ОСНОВА НА ДОЗВОЛА **24**
IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ **27**